# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2020

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул.Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk

ЗЕЛС



**Душица Перишиќ**
Извршен директор на ЗЕЛС

Почитувани,

Пандемијата со КОВИД-19 што го зафати светот, освен здравствени, создаде низа економски и социјални предизвици и во нашата земјата, што се рефлектираа во работењето на единиците на локалната самоуправа и на ЗЕЛС. Забраната за организирање на настани во поголеми групи; одржувањето на социјална дистанца; самоизолацијата; редуцирањето на бројот на вработените во зависност од условите на работното место и други превентивни мерки за заштита од пандемијата беа дополнителни предизвици за реализирање на предвидените планови, кои се менуваа и во зависност од актуелните потреби. ЗЕЛС, многу брзо се прилагоди на состојбите и онаму каде тоа беше возможно, своите активности ги спроведуваше преку користење на онлајн алатките и електронските платформи за комуникација. На електронски начин беа реализирани двете седници на Генералното собрание на ЗЕЛС, поголемиот дел од седниците на Управниот одбор беа реализирани онлајн, а онлајн се спроведуваа и повеќето советувања, работилници и други активности наменети за општинската администрација и за општинските советници.

Колку и да и се „спротивставивме" на пандемијата, сепак, таа ги попречи преговорите со централната власт што ЗЕЛС ги започна минатата година за продлабочувањето на процесот на децентрализација и унапредувањето на системот на управување во локалната самоуправа. Но, во исто време, пандемијата на површина ги исфрли сите предизвици со кои се соочуваат општините, а за чии промени ЗЕЛС во континуитет се залага.

Пред сè, пандемијата ја потенцираше дисфункционалноста на системот за заштита во услови на кризи и неразрешените прашања во делот на работењето на противпожарните единици. Во таа насока, ЗЕЛС обезбеди анализа која го потврди несоодветното финансирање на овие единици, лошата опременост за нивно адекватно функционирање и недоволниот број на пожарникари според законските норми.

Пандемијата ги потврди ставовите на ЗЕЛС за потребата од обезбедување на поголема финансиска независност на локалната од централната власт и потребата за дефинирање на сите дополнителни активности што општините ги извршуваат без за тоа да имаат утврдена надлежност и обезбедени средства за нивна реализација. Па така, за поддршка на стопанството, централната власт донесуваше мерки кои директно се рефлектираа на финансиските приливи на општините, а пандемијата доведе и до намалување на приливот од сопствените приходи. Општините издвојуваа средства за дезинфекција на јавни површини; за поддршката на локалното население за справување со кризата, особено на социјалните случаи; вложуваа во опрема и обезбедување на соодветни услуги за непречено одвивање на онлајн наставата, и наставата со физичко присуство на учениците до трето одделение и онаму каде тоа го дозволуваа условите. И покрај овие дополнителни финансиски трошоци, општините не добија поддршка во речиси ниту еден од четирите сета мерки за справување со кризата, донесени од Владата на РСМ. Со заложби на ЗЕЛС, во четвртиот сет мерки беше утврдена промена на пресметката на основата за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со која при издвојување на средства за општините, наместо само за претходната година, како во претходниот период, ќе се зема пресметката на просечна наплата на ДДВ за претходните три години. Исто така, Владата го прифати и барањето на ЗЕЛС, актуелниот лимит за планирање на општинскиот буџет од 30% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција, да се зголеми на 50% .

Во делот на образованието беа изнесени низа забелешки за ненавременото вклучување на локалната власт во креирањето на одлуките и иницијативите за реформи во оваа област. На барање на ЗЕЛС беа при-

фатени заложбите за флексибилност во изборот на модел што ќе го користи секое училиште во договор со општината, а иако минимално, во износ од само 2 % беа зголемени и средствата од блок дотациите за следната година што ги добиваат општините за спроведувањето на надлежности во оваа област. На средбите со министерката за образование и наука градоначалниците ги потенцираа бројните предизвици со кои се соочуваат при спроведувањето на наставниот процес.

Заложбите на ЗЕЛС во делот на легализацијата на бесправно изградените објекти делумно беа инкорпорирани во новиот Предлог- закон за постапување со бесправно изградени објекти, што кон крајот на годината беше доставен во собраниска процедура. Прифатена беше иницијативата на ЗЕЛС, висината на надоместокот за легализација да се утврдува според висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за соодветната зона, зголемен за 50%. ЗЕЛС се залагаше во Законот прецизно да се утврди потребата од дополнителни докази, како што е извадок од сателитска снимка со која ќе се докаже дека објектот бил изграден во периодот опфатен со законот, со цел да се отстранат злоупотребите во постапките за легализација.

Од особено значење е што оваа година, ЗЕЛС подготви Стратегиски план за 2021-2025 година, што беше усвоен од Генералното собрание на ЗЕЛС. Тој содржи три клучни стратегиски цели: 1. Застапување и лобирање; 2. Услуги и 3. Градење и јакнење на капацитетите на ЕЛС. Лобирањето претставува најважната активност на ЗЕЛС и таа претставува приоритет во следниот период кога се предвидуваат активности за унапредување на развојот на локалната власт, преземање на нови надлежности, како и обезбедување на поголема финансиска стабилност на ЕЛС.

Негативните последици од пандемијата најмногу беа почувствувани во делот на реализацијата на активностите за јакнењето на капацитети на општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот. Сепак, дел од обуките и работилниците беа одржани онлајн, а кога беа обезбедени услови во согласност со протоколите за заштита од пандемија беа реализирани и работилници со физичко присуство, но посетеноста беше намалена.

ЗЕЛС продолжи и со поддршката на општините во користењето на сите информациски системи. Само преку системот www.gradezna-dozvola.mk, општините издадоа 2.225 одобренија за градење, а преку информацискиот систем www.e-stvari.mk имаше околу 50 објави за аукции. Во системот градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk во 2020 година поднесени беа вкупно 1173 барања за откуп по пат на непосредна спогодба и одржани беа 190 аукции за отуѓување по пат на јавно наддавање.

ЗЕЛС, освен реализацијата на своите стратегиски приоритети, секогаш посветува внимание и на реализација на голем број активности врзани со домашни и странски партнери во низа проекти. Во 2020 година продолжија проектните активностите за зајакнување на општинските совети, како и активности посветени на родово еднакви општини.

ЗЕЛС се вклучи и во реализацијата на нови проекти, како што е регионалниот проект „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан" во кој, освен нашата земја се вклучени и Србија и Босна и Херцеговина, односно 6 општини, од кои Илинден и Штип се пилот-општините од РСМ. Целта на проектот е воспоставување на економски вредносен синџир на рециклирање на пакување од стакло во регионот, преку обезбедување на оптималната инфраструктура на контејнери за стаклена амбалажа во општините, зголемување на собраното стакло за 20% и развивање на соодветни бизнис модели, применливи во општините. Во соработка со Мрежата на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС), ЗЕЛС се приклучи на уште два регионални проекта за успешно интегрирање на Агендата 2030 и принципот „Никој да не биде изоставен" во процесите на планирање и спроведување на локалните политики во општините.

Сите овие активности и резултатите реализирани во текот на годината, како и податоците за приходите, расходите и ревизорскиот извештај за 2020 година се прикажани на транспарентен начин и во ова издание на „Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2020 година".

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

# 1 ЗА ЗЕЛС

Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – „ЗЕЛС“ е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава, во која доброволно членуваат сите 80 општини и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Основана е во 1972 година. За ефикасно функционирање на Заедницата, во Статутот на ЗЕЛС утврдени се следниве органи:

- Генерално собрание, составено од 90 делегати;
- Управен одбор, составен од 22 члена;
- Надзорен одбор, составен од 6 члена и
- Комитет на советите, составен од 9 члена.

Во рамките на ЗЕЛС формирани се повеќе комисии за областите што се во надлежност на локалната власт (урбанизам, образование, животна средина, локален економски развој...) чии членови се градоначалници, а исто така, формирани се и професионални мрежи составени од претставници од општинската администрација.

ЗЕЛС дејствува и во меѓународни рамки. Таа е членка на: ЦЕМР – Совет на европските општини и региони; на НАЛАС - Мрежа на националните асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа и на АЛДА - Асоцијација на агенции за локална демократија. ЗЕЛС ја има улогата на Секретаријат на делегатите од РСМ во Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа и Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.

ЗЕЛС ги застапува интересите на сите локални власти од земјава, пред централната власт. Претставници на ЗЕЛС остваруваат средби со претставници на Владата на РСМ, а преку постојната парламентарна Комисија за локална самоуправа во Собранието на РСМ, ЗЕЛС соработува и со народните претставници од законодавниот дом.

Во согласност со своите стратегиски цели, ЗЕЛС во континуитет се грижи и за зајакнување на капацитетите на локалната власт, преку „ЗЕЛС тренинг центарот“ (ЗТЦ), а преку „ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините“ (ЗЕПЕ) во името на сите општини, го врши одржувањето, како и непреченото користење на информациските системи.

### СТРАТЕГИСКИТЕ ЦЕЛИ НА ЗЕЛС СЕ:

1. Застапување и лобирање;
2. Обезбедување и одржување систем на услуги за ЕЛС;
3. Обезбедување одржливост и професионалност на извршната канцеларија на ЗЕЛС.

# 2 АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ЗЕЛС

**ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС.** ***Генералното собрание на ЗЕЛС во текот на 2020 година одржа две седници. Ова највисоко тело на Заедницата има вкупно 90 делегати, односно сите градоначалници на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) по функција се делегати на Собранието, а делегати се и членовите на Комитетот на советите при ЗЕЛС.***

## ШЕСТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

Генералното собрание на ЗЕЛС, во услови на примена на мерки за заштита од ширење на КОВИД–19, ја одржа шестата седница во согласност со член 16, став 7 од Статутот на ЗЕЛС, каде е утврдено дека ова тело може да работи и на седници кои се одржуваат на електронски начин. Во таа насока, на делегатите по електронска пошта им беа доставени: поканата, дневниот ред и материјалите за седницата, со упатство за начинот на работа, начинот на донесување на одлуките и начинот на гласање. Од вкупно 90 делегати, колку што брои ова највисоко тело на ЗЕЛС, 65 делегати се изјаснија со пополнување на Изјава за начинот на гласање по точките од дневниот ред и истата заверена во форма на електронски документ ја доставија до ЗЕЛС, до 30 јуни 2020 година, до 12,00 часот, термин утврден како почеток на седницата. Ставот на делегатите беше дека во услови на зголемен број на заразени од корона вирусот во земјава и потребата за зголемено ниво на одржување на лична заштита, изјаснувањето преку електронска пошта е функционален, а истовремено и легитимен начин на донесување на одлуки на Генералното собрание на ЗЕЛС.

Генералното собрание на ЗЕЛС на оваа седница, со мнозинство гласови, ги усвои завршните документи за финансиското работење за претходната година и Извештајот за работата на ЗЕЛС за 2019 година. Шеесет и два градоначалника и тројца делегати од Комитетот на советите се изјаснија позитивно за сите точки, освен еден градоначалник, кој се изјасни воздржан за втората точка- Одлуката за усвојување на Извештајот на независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2019, а по другите точки даде позитивно мислење. Според мислење на Ревизорската куќа, финансиските извештаи во сите материјално значајни аспекти реално ја презентираат финансиската состојба на Заедницата, како и нејзината финансиска успешност за минатата годината, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Во пристигнатите изјави на делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС немаше предлози за дополнителни точки на дневниот ред, ниту пак, беа доставени дополнителни иницијативи за лобирање.

## СЕДМА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

Пандемијата со вирусот КОВИД–19 и натаму е присутна, па Генералното собрание на ЗЕЛС и седмата седница ја одржа на електронски начин, а во согласност со Статутот на ЗЕЛС. На делегатите навремено им беа доставени материјалите за седницата по електронска пошта. Ниту еден делегат не достави предлози за дополнување на утврдениот дневен ред. Секој делегат по предложените точки на дневен ред гласаше поединечно, со пополнување на Изјава која беше доставена до ЗЕЛС во рокот утврден со поканата, 24 декември 2020 годна, до 12 часот. Изјава доставија вкупно 55 делегати.

Генералното собрание едногласно донесе одлука по дадените предлози од Управниот одбор на ЗЕЛС за избор на Николчо Илиев, градоначалник на Општина Кочани, за член во Управниот одбор на ЗЕЛС и за избор на Викица Манолева, претседател на Советот на Општина Радовиш, за член во Комитетот на советите при ЗЕЛС. Тие се именуваа на местата што беа испразнети од претходните членови во овие тела, кои по парламентарните избори во земјава заминаа на нови функции.

По дадена согласност од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС и делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС ги усвоија: Финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2021 година; Акцискиот план – планот на активности на ЗЕЛС за 2021 година и Стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2021 – 2025 година. Овие значајни

документи за работењето на ЗЕЛС за следниот период се направени во согласност со генералните прогнози за натамошното одвивање на пандемијата со КОВИД -19 и во зависност од спроведувањето на претстојните локални избори што треба да се реализираат некаде во последниот квартал од следната година.

**Стратегиски план на ЗЕЛС за 2021-2025 година** содржи три клучни стратегиски цели: **1.** Застапување и лобирање; **2.** Услуги и **3.** Градење и јакнење на капацитетите на ЕЛС. Лобирањето претставува најважната активност на ЗЕЛС и таа претставува приоритет во следниот период кога се предвидува преземање на значителни активности за унапредување на развојот на локалната власт, забрзување на процесот на децентрализација со нови надлежности на локално ниво и обезбедување на поголема финансиска стабилност на ЕЛС. Застапувањето и лобирањето се основните активности на ЗЕЛС и опфаќаат континуирано иницирање на законски и други промени за надминување на предизвиците во спроведување на надлежностите


ЗЕЛС

СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ЗЕЛС

2021-2025

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

декември, 2020

на општините и подобрување на системот на локалната власт. Како поконкретни цели за следниот период предвидено е склучување на нов Меморандум за соработка со Владата на РСМ, што треба значително да се надгради и прецизира, бидејќи последниот е склучен уште во 2003 година, а втората новина се однесува на изработка на Комуникациски протокол со кој ќе се дефинира начинот на кој ќе се спроведува ефикасна комуникација на ЗЕЛС со ЕЛС и со централната власт.

Втората стратегиска цел се однесува на обезбедување на постојните, но и на нови услуги што ЗЕЛС ќе ги спроведува во своето работење. Планирано е воспоставување на нова електронска услуга „е-систем за даночно работење", но и поголема посветеност и фокусирање кон истражување и развој за потребите на ЕЛС, анализи на одредени состојби и нудење на квалитетни решенија. Во оваа стратегиска цел е нагласен и делот на континуирано информирање на локалната власт за активностите што ги преземаат органите и телата на ЗЕЛС и за значајни предлози и документи од важност за општините.

Со третата стратегиска цел, ЗЕЛС сака да го издигне на повисоко ниво степенот на квалитетното работење на локалната власт, преку изработка и развој на процедури и постапки за административно-управни работи и други работи од делокругот на локалната самоуправа; обезбедување и спроведување на методологии за мерливост на капацитетот на администрацијата; поддршка при подготовка и имплементација на проектни апликации и друго. ЗЕЛС тренинг центарот во согласност со потребите на општинската администрација ќе продолжи со реализација на обуки.

**УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС.** ***Во текот на 2020 година Управниот одбор на ЗЕЛС одржа три седници од кои две беа одржани онлајн, а една со физичко присуство на членовите во административната зграда на ЗЕЛС . Ова тело, како еден од четирите органи на ЗЕЛС, има 22 члена чии мандати се во траење од 4 години.***

### ТРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(18 ЈУНИ 2020 ГОДИНА, ОНЛАЈН)*

Управниот одбор (УО) на ЗЕЛС на оваа седница усвои значајни финансиски документи од работењето на Заедницата: Завршната сметка за 2019 година, Извештајот на независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС за минатата година, како и Извештајот за работата на ЗЕЛС за 2019 година. Членовите на ова тело донесоа и одредени заклучоци за преземање на активности во насока на разрешување на одредени предизвици со кои се соочуваат локалните власти. Седницата се водеше по електронски пат, во согласност со Статутот на ЗЕЛС. На оваа седница УО донесе одлука, во услови на пандемија, шестата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, да се реализира на електронски начин.

На седницата беше посочено дека кризата со КОВИД-19 дополнително покажа колку е дисфункционален системот за заштита во услови на кризи и колку единиците на локаната самоуправа немаат директни ингеренции, а се очекува токму од општините да преземат активности за справување со кризата на локално ниво. Беше заклучено ЗЕЛС да утврди соодветни предлози за унапредување на системот во локалната власт на заштита во

услови на кризи и да ги изнесе во рамките на преговорите за продлабочување на процесот на децентрализација во земјава. Присутните ја нагласија потребата за посветување на поголемо внимание на улогата на територијалните противпожарни единици; префрлање на одредени ингеренции на полицијата на локални ниво и усогласување на ингеренциите меѓу општинските и државните инспектори.

Како резултат на доставена реакција од повеќе општини, ЗЕЛС испрати допис до Владата на РСМ за негативните рефлексии врз работењето на општините, поради користењето на владините мерки за заштита од КОВИД-19, од страна на општинската администрација




(отсутност на родители на деца до 10 години, хронично болни и друго....). Во дописот се бараше ревидирање на оваа одлука, особено во насока на намалување на возрасната граница на децата чии родители остануваат дома за нивно згрижување.

УО донесе заклучок да се иницира дијалог со МОН и со Министерството за финансии за навремено преземање на финансиски мерки со кои ќе се поддржат локалните власти во делот на обезбедување на задолжителниот превоз на учениците, доколку во септември корона кризата сè уште е присутна во земјава и сè уште важат мерките на „рационализација"со 50% на патници во автобусите.

На седницата беше истакнат недостатокот на градежни инспектори, актуелен предизвик за Општина Охрид, која спроведува акција на отстранување на дивоградби во крајбрежниот појас, но подеднакво алармантен речиси за сите општини. Присутните посочија на потребата од законски измени во делот на условите за вработување на ваков кадар. Иницијативи за законски измени беше предложено да се доставaт и до Националниот конзерваторски центар, поради големи застои во урбанистичките и градежни решенија на поголем број општини предизвикани од процедурите околу заштитените објекти со културно-историско значење и „старите градски јадра". За поголема ефикасност беше изнесен и предлог со посебен пропис, а особено во услови на криза, инспекциските служби да бидат организирани како регионални служби на локално ниво.

На крај на седницата беше отворено и прашањето за состојбата со буџетските приходи кои се значително намалени, поради условите со корона вирусот. Беше предложено за ова прашање навремено да се дискутира со централната власт, но во еден поширок контекст на редефинирање на ингеренциите на локалните власти, процес што ЗЕЛС го отвори уште минатата година.

### ЧЕТИРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(14 ОКТОМВРИ, 2020 ГОДИНА, ВО АДМИНИСТРАТИВНАТА ЗГРАДА НА ЗЕЛС)*

На оваа седница на Управниот одбор присуствуваше министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, кој информираше за новиот Предлог-закон за постапување со бесправно изградени објекти што е доставен на разгледување во Собранието на РСМ. Предлог- законот се однесува на сите бесправни објекти изградени до 1 јули 2020 година, освен објектите од категорија А2, како и објекти изградени во заштитени подрачја, од аспект на културно наследство и заштита на природата, како и подрачја кои се под заштита на УНЕСКО. Во Предлог-законот прифатена е иницијативата на ЗЕЛС, висината на надоместокот за легализација да се утврдува според висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за соодветната зона, зголемен за 50%. За справување со злоупотребите во постапките за легализација, членовите на Управниот одбор повторно нагласија дека Законот треба да содржи дополнителни докази, како што е извадок од сателитска снимка со која ќе се докаже дека објектот бил изграден во периодот опфатен со закон, и дека не е доволно целиот процес да се темели само на изјава за вистинитост на барателот, заверена на нотар. Нагласена беше и потребата да се заштити правото на сите граѓани да ги користат и да уживаат во крајбрежните, речни и езерски појаси, односно да не се дозволи легализи-

рање на објекти кои се наоѓаат на овие површини. Исто така, да не се легализираат објекти кои се наоѓаат на утврдените појаси покрај железнички пруги, автопати, аеродроми и друго. За нелегалните објекти, за кои инвеститорите не поднеле барање за легализација или тоа не го реализираат доследно, да се предвидат одредби за нивно конфискување во полза на општината. Беше нагласена и потребата за поддршка на локалните власти за јакнење на инспекциските служби и при постапувањето по извршно решение, при отстранување на нелегално изградени објекти.



***Финансиски предизвици***

Присутните дискутираа за финансиските предизвици со кои се соочуваат општините во услови со пандемијата. Општините речиси и да не добија поддршка од четирите сета мерки за заштита од кризa, донесени од централната власт. Тие од сопствени средства вршат дезинфекција на јавни површини и во јавните објекти; даваат поддршката на локалното население за справување со кризата, особено на социјалните случаи; вложуваат во опрема и обезбедување на соодветни услуги за непречено одвивање на образовниот процес во училиштата и друго.

Независно од кризните услови, фискалните капацитети на ЕЛС во континуитет се обременуваат и со други активности што ги реализираат општините, а за кои не добиваат никакви дополнителни средства. Општините реализираат капитални инвестиции со сопствени средства, особено во училишните објекти. За поддршка на стопанството или инвеститорите државата пропишува низа бенефиции но, повторно на товар на локалната власт. На состанокот беше покренато прашањето за одредена злоупотреба што се забележува кај заштитните работилници, кои најмалку служат за поддршка на лицата со посебни потреби. Намалени комуналии, ниска цена на продажба на градежно неизградено земјиште, обезбедување на комунална инфраструктура во економските зони од страна на општината, легализација по едно евро се исто така олеснувања пропишани од државата, но на „товар" на општините. Посочено беше дека општините се финансиски немоќни за да можат да реализираат капитални проекти со средства од европски фондови. Во Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој дури и нема ставка за помош на проектите, што ги реализираат општините. Многу општини се соочуваат и со исплаќање на големи суми пари, по пристигнати судски налози од пресуди во полза на тужбите од пожарникарите, како и исплаќање на заостанати долгови од период пред започнување на имплементацијата на децентрализација и друго.

Присутните беа информирани за активностите на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините околу средствата во блок дотациите, а беа презентирани и иницијативите што произлегоа од последната седница на ова тело, за обезбедување на поголема финансиска стабилност на општините. Во таа насока беше предложено да се договори средба со претставници од Владата за разгледување на можностите за обезбедување на поддршка на општините поради отежнатото финансиско работење, предизвикано од кризата со КОВИД -19. Исто така, беше нагласена и потребата да се покрене иницијатива до УЈП да донесе акт за одложување на сите присилни наплати за општините и за јавните установи под локалната власт. Особено беше нагласена потребата што поскоро да се реактивира започнатиот процес за нов бран на фискална децентрализација.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС покренаа и други прашања, поврзани со финансиската состојба на општините. Стручната служба на ЗЕЛС беше задолжена да испрати барање до претседателот на Владата на РСМ за покренување на иницијатива, актуелниот лимит за планирање на општинскиот буџет















од 30% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција, да се зголеми на 50%.

Во делот на образованието нагласени беа предизвиците околу набавувањето на ИТ опрема за наставниците во училиштата, но и опрема за учениците кои се од социјално загрозени семејства, а се дискутираше и за спроведувањето на процесот на одржување на наставата со физичко присуство, на учениците до трето одделение и на другите ученици каде е утврдено дека за тоа постојат услови, но и за одвивањето на онлајн наставата. Беше посочено дека МОН без консултации со општината дава директни насоки на директорите и на наставниците, односно се однесува кон општините како кон негови подрачни единици, а не како кон посебна власт. Во таа насока беше заклучено, на средбата што се иницира да се одржи со Владата да се повика и министерката за образование и наука.

Управниот одбор на оваа седница усвои и неколку иницијативи пристигнати до ЗЕЛС. Беше прифатено барањето за интегрирање на Асоцијацијата на градови со архитектонско наследство, како посебна Комисија за архитектонско наследство во рамките на Комисијата за култура при ЗЕЛС. Управниот одбор на ЗЕЛС ја усвои и Декларацијата за прогласување на денот недела и деновите на државни и други празници за неработни. Беше усвоено и барањето за потпишување на Меморандум на соработка меѓу ЗЕЛС и Македонското кредитно биро со што би била покрената иницијатива за вклучување на сите единици на локална самоуправа во базата на податоци за обврските на правните и физички лица настанати по различни основи. На седницата беше прифатена и иницијативата возилото на ЗЕЛС „Форд Мондео“ да биде доделено на општина со помали финансиски капацитети која редовно ја плаќа членарината кон ЗЕЛС. Возилото беше доделено на Општина Ранковце. Членовите на Управниот одбор ги усвоија и предложените измени во Планот за јавните набавки на ЗЕЛС, каде се воведува ставка за набавка на услуга за изработка на решение за нова веб-страница на ЗЕЛС. Присутните беа информирани дека Агенцијата за храна и ветеринарство ќе додели донација за општините, што се состои во соодветен број на бесплатни чипови за кучиња бездомници.

### ПЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС *(7 ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА, ОНЛАЈН)*

Членовите на УО на ЗЕЛС на оваа седница ги усвоија предлог-документите за работењето на ЗЕЛС за следната година. Во Планот за јавни набавки на ЗЕЛС беше нагласено дека барањето на општините за надградба на софтверското решение „е-ствари“ е пролонгирано, од причина што двогодишниот договор за одржување на овој систем истекува дури кон крајот на 2021 година.

Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои и предлогот на новиот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2021 -2025 година. Во таа насока беше упатена благодарност до сите градоначалници, претседатели на совети, општински секре-



тари и претседатели на мрежи при ЗЕЛС кои одговорија на доставениот прашалник од ЗЕЛС, подготвен за оваа намена.

На седницата членовите на УО го разгледаа и предлогот на Железници на Република Северна Македонија инфраструктура, за реализација на заеднички проект со општините за реконструкција и осовременување на патните премини над железничките шини. Беше заклучено секоја општина да одлучи поединечно дали ќе ја прифати понудената соработка. Ова иницираше присутните повторно да отворат дискусија за реактивирање на повеќегодишното барање на ЗЕЛС за промени во методологијата за распределба на средства за општините за одржување на регионалните патишта.

Исто така, присутните беа информирани дека прифатената иницијативата на ЗЕЛС од страна на Владата на РСМ за донесување на нов Закон за справување со бесправно изградени објекти веќе добива завршница, односно дека овој предлог- закон се наоѓа во собраниска процедура. На седницата, присутните повторно изнесоа низа дилеми околу справувањето со злоупотребата на претходниот Закон и разноликоста на постапките што ги водат општините при докажувањето на постоењето на диво градбите, пред март, 2011 година. Членовите на УО на ЗЕЛС донесоа заклучок, до Министерството за транспорт и врски (МТВ) уште еднаш да се потенцира заложбата на ЗЕЛС изнесена и во претходниот период, во новиот предлог –закон да се утврди прецизна методологија по која унифицирано ќе постапуваат сите општини, како и да се утврдат дополнителни докази (освен изјавата заверена на нотар), заради избегнување на сегашните проблеми, при реализација на новиот Закон.

**КОМИСИИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ МРЕЖИ ВО ЗЕЛС.** ***Во 2020 година активностите на комисиите и на професионалните мрежи во ЗЕЛС претежно се реализираа преку користење на онлајн платформите за комуникација, или преку размена на мислења и ставови по електронски пат, за прашања или законски предлози што се во доменот на нивната надлежност. Системот за заштита во услови на кризи, со посебен акцент на противпожарните единици, финансиските предизвици и предизвиците во образованието беа областите во кои општините беа најзасегнати во услови на справување со пандемијата, па во таа насока беа изразени и активностите на комисиите и мрежите од овие области. Комисиите во ЗЕЛС се составени исклучиво од градоначалници, а професионалните мрежи се составени од претставници од администрацијата на општините што ги опфаќаат областите кои се во надлежност на општините. За секоја комисија или професионална мрежа има назначен одговорен координатор од стручната служба на ЗЕЛС.***

### КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Комисијата за финансирање при ЗЕЛС во 2020 година одржа две седници, а дел од членовите учествуваа активно и во дискусиите и одлучувањето во Комисијата за следење на системот на финансирање на локалната власт, каде се дискутираше и за потребата од зголемување на блок дотациите и на средствата од ДДВ. Состојбите со вирусот КОВИД-19 предизвикаа значително нарушување на и онака лошата финансиска состојба на локалната власт. Градоначалниците изнесоа повеќе конкретни примери што одат во насока на финансиското исцрпување на општините. Беше изнесено дека влијанието предизвикано од состојбите со вирусот КО-





ВИД-19 предизвикало значителен пад на собраните средства од сопствените приходи на општините. Во однос на расходите, општините покажале висок степен на прилагодување на ситуацијата со КОВИД-19 и вршени се соодветни ребаланси на општинските буџетите. Во вакви ситуации, утврден е раст на фискалната зависност, поврзан со трансферите од централната власт.

Комисијата изнесе и низа мерки и препораки кои генерално кореспондираа со утврдените ставови на ЗЕЛС во делот за подобрување на финансиската состојба на локалната власт, а кои ќе придонесат за поголема фискална стабилност на општините. Беше посочено дека е неопходно зголемување на процентот од зафаќањето од ДДВ на најмалку 10 %, особено што, како резултат на ковид кризата, се очекува општините следната година да добијат значително помалку средства по овој основ. Потоа, зголемување на зафаќањето од персоналниот данок на најмалку 50%; водење на буџетски преговори на локалната со централната власт; промени на Законот за даноците на имот; воведување на систем за воедначување ; доделување на средства за капитални дотации; зголемување на блок дотациите и друго. Нагласено беше дека навременото водење на буџетски преговори со Владата на РСМ претставува клучно решение за квалитетно креирање на фискалната политика на локалната власт. Барањата на ЗЕЛС за одржување на квартални средби на раководството на ЗЕЛС со клучните министерства од каде се трансферираат средства не се почитуваат. Не се одржуваат ниту навремени буџетски преговори за креирањето на буџетот за следната година. Присутните информираа дека се подготвува нов Закон за буџети, каде повторно се задржува висока „зависност“ на локалната власт од средства од државата, а во делот на вработувањата и понатаму се предвидува тие да бидат со согласност од централната власт. Утврдените ставови беа презентирани на Управниот одбор на ЗЕЛС .

## КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

**1.** Зголемување на блок дотацијата за образование утврдена на почетокот на учебната 2019/2020 година (не најновата, која е скратена) да се зголеми за најмалку 30%. На овој начин општините не би трпеле поголеми финансиски задолжувања, а дел од нив произлегуваат и од имплементирањето на пропишаните протоколи за спроведувањето на мерките за заштита од вирусот; **2.** Од страна на МОН да се понудат повеќе модели за одржување на наставата, со јасно прецизирани можности за прилагодување (подмодели) за да се овозможи флексибилност во изборот на модел што ќе го користи секое училиште во договор со општината; **3.** МОН да утврди и предложи олеснети процедури во услови на потреба за итно и неодложно ангажирање на наставници, со акцент на предметите за кои нема доволно наставен кадар и да се обезбеди законска основа за спроведување на процедурите. Ова беа ставовите што беа донесени од Комисијата за образование при ЗЕЛС на третата седница одржана на 11 август 2020 година, на која беа разгледани предлог-протоколите за одвивање на процесот на наставата во училиштата во услови на пандемија со КОВИД–19, што ги подготви Министерството за образование и наука (МОН), во соработка со Комисијата



за заразни болести. Заклучоците на Комисијата беа доставени до МОН и до Владата на РСМ и изнесени пред Управниот одбор на ЗЕЛС. Во овие заклучоци беа инкорпорирани и ставовите на сите општини кои по електронски пат доставија мислење за протоколите. На состанокот беше упатено незадоволство од односот на МОН кон локалната власт, поради невклучувањето на претставници од ЗЕЛС во процесот на креирањето на протоколите. Присутните дискутираа и за финансиските предизвиците за општините, што може да бидат предизвикани од примена на протоколите за редуциран превоз на учениците во автобус, а укажаа и на недостаток на информатичка опрема за наставниците и за учениците, особено оние од социјално загрозените семејства и слабата интернет комуникација. Комисијата ја нагласи комплексноста на целиот процес на изнаоѓање на најсоодветен начин за поквалитетно спроведување на наставниот процес од една страна и безбедно одвивање на наставата од здравствен аспект, односно преземање на сите превентивни мерки за минимизирање на опасностите за зараза на учениците и наставниците. Комисијата зазема активна улога и во разговорите на двете средби што градоначалниците ги имаа со министерската за образование и наука, Мила Царовска.

## МРЕЖАТА НА ТППЕ ПРИ ЗЕЛС

За подобрување на состојбата на противпожарните единици ЗЕЛС изнесе низа барања до Министерството за одбрана (МО) и до Владата на РСМ, меѓу кои беа и барањата; да се зголемат средствата во блок дотациите за финансирање на ТППЕ; од 2021 година да започне исплата на блок дотации кои одговараат на реалниот број на вработени во противпожарните единици и да се обезбеди соодветен број на пожарникари. Во таа насока ЗЕЛС изработи и анализа за актуелниот и потребниот број на пожарникари во секоја од единиците на ТПП, во согласност со одредбите од Законот за пожарникарство и ја достави до Министерството за одбрана (МО) и до Владата на РСМ.

Претседателството на Мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС на 16 октомври 2020 година, во просториите на ЗЕЛС одржа состанок на кој присутните заклучија дека е потребно да се донесе Правилник, или Уредба, за пресметка на плати на пожарникарите, според кој општините ќе ја утврдуваат висината на платите на секој пожарникар. Беше побарано во него да се регулираат и условите за новите вработувања, но и пензионирањето на пожарникарите. Беа изнесени и сите предизвици со кои се соочуваат противпожарните служби, како во делот на кадровските решенија, така и во делот на материјалните недостатоци за функционално спроведување на оваа надлежност. Присутните дискутираа и за обуките на нови пожарникари и за дописот испратен од Дирекцијата за заштита и спасување – ДЗС и нивната програма за стручно усовршување на пожарникарите. Беше заклучено дека треба да се почитува законската одредба за стручното оспособување на пожарникарите, а не да се регулира со Програма.



# 3 ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) И ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

**ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ).** ***ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) е задолжен за континуирано усовршување и надградување на капацитетите на општинската администрација, што претставува една од стратегиските цели на Заедницата. ЗТЦ изготвува Годишен план за обуки и го доставува до сите локални власти. Во подготовка на Годишниот план за обука за 2020 година учествуваа членовите на мрежи на ЗЕЛС од општинска администрација. ЗЕЛС тренинг центарот во 2020 година реализира обуки и советувања со кои беа опфатени 434 лица од општинската администрација и општинските совети.***

Во извештајот по Програмата за обука 2020 не се наведени проекции, ниту споредбени параметри во однос на претходните години поради сложената ситуација со појавата на пандемијата КОВИД-19, вонредните околности како последица на тоа, примена на мерките за заштита на здравјето на поединецот и прилагодување на нов начин на реализација на активностите за градење на капацитети преку е-платформи. Овој извештај ги содржи обуките што се реализираа во 2020 г.

Во прегледот даден во продолжение, нумерички и текстуално се претставени активностите што се спроведени во оваа компонента од работењето на ЗЕЛС во 2020 година, и тоа врз основа на:















**А). Категоријата на лица опфатени со активностите за градење на капацитети , односно наменети за :**

а) Избрани функционери на локално ниво

б) Општинска администрација – административни службеници.

| ОДРЖАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ВО 2020 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр** | **Тема** | **Целна група** | **Период/ Место** | **Бр. на учесници** | **Вид на активност** |
| 01 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | Февруари ЗТЦ, Скопје | 64 | Обука |
| 02 | Еднакви можности меѓу жените и мажите: предизвици и дилеми | Координатори за еднакви можности во ЕЛС | Февруари, ЗТЦ, Скопје | 28 | Работилница |
| 03 | Протоколи за комуникација и за изработка на документи за родова еднаквост на локално ниво | Членови на Работна група за родова еднаквост | Е-платформа | 15 | Работилница |
| 04 | Примена на политиките за родова еднаквост на локално ниво | Членови на Лоби група (претседател на совети и градоначалници) | Септември, Скопје | 15 | Работилница |
| 05 | Родово одговорно буџетирање | Советници-членови на комисии за еднакви можности меѓу жените и мажите | Октомври, Маврово | 18 | Обука |
| 06 | Унифицирана методологија и стандардизирани процедури за навремено и соодветно планирање на општински политики и планови | Мрежа за човечки ресурси на ЗЕЛС | Е-платформа | 29 | Обука |
| 07 | Подготовка на буџет за 2021 | Мрежа на финансиски работници | Е-платформа | 35 | Советување |
| 08 | Методолошки пристап до поуспешна интеграција на родовите перспективи во локални политики и буџет | Координатори на еднакви можности во ЕЛС | Е-платформа | 17 | Работилница |
| 09 | Дневните центри како услуги за поддршка на семејството и услуги кои се базирани во заедницата | Општина администрација - социјална заштита | Е-платформа | 30 | Обука |
| 10 | Подигнување на свеста за човековите права, недискриминација и вклучување на локално ниво | Општина администрација - социјална заштита | Е-платформа | 35 | Обука |
| **ВКУПНО** | | | | **286** | |

**Б). Категоријата на лица опфатени со активностите за стекнување со овластување наменети за :**

б) Општинска администрација – административни службеници.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | Февруари, Испитен центар на Правен факултет, Скопје | 41 | Испит (3 сесии/2-теорија и 1-практичен дел) |
| 02 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | Септември, Испитен центар Правен ф., Скопје | 28 | Испит / 1 сесија-теорија |
| 03 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | Октомври, Испитен центар Правен ф., Скопје | 46 | Испит/ 2 сесии: 1 теорија и 1 практичен дел |
| 04 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | Ноември, Испитен центар на Правен факултет, Скопје | 33 | Испит/ 2 сесии: практичен дел |
| **ВКУПНО** | | | | **148** | |















## ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ (ЗЕПЕ).

***ЗЕЛС единица за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) е административна единица, преку која се овозможува забрзано реализирање на една од приоритетните стратегиски цели на ЗЕЛС, а тоа е поддршката на своите членки на патот на создавањето на „е-општина“. Оваа единица, едновремено, во името на сите општини, го врши одржувањето, како и обезбедувањето на непречено користење на информациските системи од страна на општините. Предностите на користењето на информациските системи се значајни за општините, но и за граѓаните и за стопанските субјекти. Преку овие системи се зголемува и ефикасноста во работењето на општините, економичноста во трошењето на општинските ресурси и се обезбедува поголема транспарентност на локалната власт.***

***Во делот „ЗЕЛС е-услуги“ поставени се следниве системи:***

1. Електронска платформа за градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, со која сите постапки утврдени во Законот за градежно земјиште се спроведуваа исклучиво електронски, преку овој сајт;
2. Софтверска апликација за следење на роковите од склучените договори за отуѓување на градежното земјиште, сопственост на Република Северна Македонија www.rdgz.mk;
3. Софтвер за електронско издавање на одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk;
4. Софтверска алатка www.e-stvari.mk за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари;
5. Електронска платформа www.rob.zels.org.mk за размена на информации од преземени активности на локално ниво од областа на родова еднаквост;
6. Софтвер за пријавување проблеми во општините www.pp.e-uslugi.mk. За оваа апликација можат да се пријават бесплатно сите општини и таа им овозможува на граѓаните да пријавуваат проблеми во областите на животната средината, комуналните услуги, урбанизмот и сите останати надлежности на локалните самоуправи.

Преку информацискиот систем www.gradezna-dozvola.mk општините во 2020 година издадоа 2225 одобренија за градење, а преку информацискиот систем за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари www.e-stvari.mk имаа околу 50 објави за аукции. Во системот градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk во 2020 година поднесени се вкупно 1173 барања за откуп по пат на непосредна спогодба и одржани се 190 аукции за отуѓување по пат на јавно наддавање.















# 4 ПРОЕКТИ, КОНФЕРЕНЦИИ, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### „КОН РОДОВО ОДГОВОРНИ ОПШТИНИ: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПОЛИТИКИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ“

Во текот на 2020 година ЗЕЛС реализираше повеќе активности во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање“ (2019-2021), што се спроведува со поддршка на UN Women, телото на ОН за родова еднаквост. На почетокот на годината, со претставници од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), беше организирана работилница за постапките и содржината за изработка на квалитетен извештај за напредокот на родовата еднаквост во општината. За советниците, членови на општинските комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите, на 6-7 октомври 2020 година, во Маврово беше организирана обука за унапредување на знаењата за важноста на примената на родовото одговорно буџетирање на локално ниво, а беа презентирани и резултатите од истражувањето за влијанието на Ковид-19 врз жените и мажите во земјава, спроведено од UN Women Скопје. ЗЕЛС се приклучи на меѓународната кампања „16 дена активизам против родово - базирано насилство врз жените“, организирајќи работилница на 16 октомври, 2020 година, за општинските координатор(-к)и, кои дискутираа за улогата на ЕЛС во оваа област, а беа презентирани и искуствата во воспоставувањето на Шелтер центар за жртви на семејно насилство, што го обезбедила Општина Струмица. Во рамките на проектот беше изработен „Прирачник за комуникација на координатор(-к)ите за еднакви можности помеѓу мажите и жените во единиците на локалната самоуправа“ каде голем придонес дадоа членовите на Работната група за родова еднаквост при ЗЕЛС. Изработена е и „Методологијата за интегрирање на родовите перспективи на општината во локалните политики и буџет“ – документ што треба да им помогне на општините во подобрување на процесот на креирање на политики во областа на родова еднаквост и буџетирање.




Лоби групата за еднакви можности на жените и мажите при ЗЕЛС, составена од градоначалнички и градоначалници и претседателки и членови на совети, даде придонес во подобрување на протоколите за комуникација, како дел од Прирачникот и изнесе низа предлог- решенија за подобрување на содржина на новиот Предлог- закон за родова еднаквост. Во фокусот беа ставени и активностите на ЗЕЛС за надградба и подобрување на воспоставената „е-платформа за родово одговорно буџетирање“ - www.rob.zels.org.mk, со цел таа да прерасне во регионален ресурсен центар за родово одговорно буџетирање. ЗЕЛС организираше и координативен состанок со претставници од меѓународните организации во нашата земја, кои работат на унапредување на родовата еднаквост во насока на заедничко креирање и избегнување на преклопувањето на активности од оваа област насочени кон општините.

### АКТИВНОСТИ НА ЗЕЛС ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ“

ЗЕЛС како партнер во проектот „Зајакнување на општинските совети“ во 2020 година даде посебен придонес во втората компонента, која се однесува на вмрежувањето на општинските советниците. Во таа насока, ЗЕЛС и УНДП во периодот април - јуни 2020 година, пре-



ку ZOOM платформата организираа онлајн средби и работилници со општинските советници од трите тематски работни групи: за родова еднаквост; за финансирање и буџет; за урбанизам, а на почетокот на септември, работилница одржаа и советниците од тематската работна група за јавни дејности во локалната самоуправа. На овие средби учествуваа и претседателите на советите на 24 –те партнерски општини на Проектот, како и претседатели/-ките на Комисиите за еднакви можности од овие општини. Посебен акцент во дискусиите беше ставен на промените што се предизвикани и кои произлегоа од корона кризата: во процесот на справување со случаите на семејно насилство; предизвиците со општинските буџети и администрирањето со локалните даноци и такси; за предизвиците во урбанизмот и имплементирањето на новиот Закон за урбанистичко планирање; како и за влијанието на пандемијата во образованието. Почнувајќи од мај 2020 година, проектот е продолжен за следните 18 месеци.

### „УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ ОД СТАКЛО ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“ - РЕГИОНАЛЕН ПРОЕКТ ШТО СЕ ИМПЛЕМЕНТИРА ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЗЕЛС

На почетокот на 2020 година, ЗЕЛС во соработка со Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) стана партнер во имплементација на проектот „Управување со отпад од стаклена амбалажа во Западен Балкан“, финансиран од Сојузното министерство за економска соработка и развој на Германија (BMZ) и компанијата ПАКОМАК (Северна Македонија), во рамки на програмата за соработка со бизнис секторот DeveloPPP.de. Проектот е во времетраење од 30 месеци и се спроведува во шест пилот-општини, по две од секоја земја учесничка. Во нашата земја пилот–општини се Илинден и Штип. Целта на проектот е воспоставување на економски вредносен синџир на рециклирање на стакло во регионот.




Во текот на оваа година, во рамките на Проектот беше формирана Работна група за имплементирање на проектните активности, составена од 15 члена (претставници од ЕЛС, соодветни министерства, невладиниот сектор и стопанските комори), која одржа состанок на 8 јуни 2020 година, преку видео конференциска платформа. Ангажираните експерти обезбедија анализа во која е даден пресек на состојбата со рециклажа на стакло во земјава; дадени се споредби со состојбата во некои европски земји; анализирана е оптималната инфраструктура на контејнери за стаклена амбалажа во двете пилот-општини што треба да обезбеди зголемување за 20% на собраното стакло, споредено со 2019 година. Според утврдените резултати ќе се развијат соодветни бизнис модели за општините (урбан, рурален и ХОРЕКА ) што ќе претставуваат урнек за успешно управување со отпад од стакло и за другите општини. Во рамките на Проектот обезбедени беа 320 контејнери за селекција на стаклена амбалажа, од кои Општина Илинден ќе добие вкупно 28 контејнери за стакло, а Општина Штип - 60 контејнери. Исто така, беше одлучено дополнително да се вклучат нови пилот-општини и тоа , Битола, Гевгелија, Тетово како и градот Скопје.

ЗЕЛС даде придонес и во креирањето на „Регионалната медиумска кампања за подигање на свеста на населението за рециклажа на стакло“. На 18 декември 2020 година, беше организирана регионална конференција за медиуми, на која се обратија учесниците во Проектот, како и претставници од министерствата за животна средина на трите земји учеснички и градоначалниците од шесте градови и општини.

### „ПРОЕКТ ЗА ПРИМЕНА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ ПРИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНСКИ ПОЛИТИКИ“

Во рамките на заедничката активност на ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во „Проектот за примена на демократските принципи при развој на општински политики“ беше изработен прашалник за подготвеноста на локалните власти за развој на општински политики во согласност со принципот на демократско управување. Прашалникот беше доставен до сите општини од кои четириесетина доставија одговори. Истражувањето беше реализирано во периодот септември-




ноември, 2020 година. Сублимираните одговори, најчестите предизвици и препораките што произлегоа од истражувањето од четирите тематски групи опфатени во прашалникот беа презентирани на онлајн дебата, на 12 декември 2020 година, со претставници од локалната власт. Присутните се залагаа за утврдување на унифицирани методологии и стандардизирани процедури кои ќе доведат до креирање на поквалитетни општински политики по демократски пат. Во рамките на овој проект се подготвува и „Водич за изработка на општински политики".

## ЗЕЛС СПРОВЕДУВА ПРОЕКТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АГЕНДА 2030

ЗЕЛС се приклучи на два проекта кои се имплементираат во соработка со Мрежата на асоцијации на локални власти на Југоисточна







Европа (НАЛАС), поддржани од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ). Целта е општините успешно да ја интегрираат Агендата 2030 и принципот „Никој да не биде изоставен" во процесите на планирање и спроведување на локалните политики.

Во рамките на проектите беа реализирани две регионални онлајн работилници (вебинари). На 3 декември 2020 година темата беше „Дневните центри како услуги за поддршка на семејството кои се базирани во заедницата", а на 10 декември 2020 година „Подигнување на свеста за човековите права, недискриминација и вклучување на локално ниво". И двата вебинара ги следеа повеќе од 60 претставници од општинската администрација од нашата земја, како и претставници од локалните власти од другите држави учеснички во проектот: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Србија.

На почетокот на месец декември, во рамките на проектите, ЗЕЛС објави два јавни повика до општините за изразување интерес за учество на обука „Локализирање на целите за одржлив развој" и вториот, за спроведување на методологија за социјално мапирање.

## ЗЕЛС ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И СО СОЈУЗОТ НА РОТАРИ КЛУБОВИТЕ ВО ЗЕМЈАВА

ЗЕЛС, Државниот совет за превенција на детско престапништво и Сојузот на ротари клубовите во земјава потпишаа Меморандум за соработка на 8 јуни, 2020 година, со кој е потврдена заедничката заложба и интересот за развој и унапредување на системот за правда за децата, со посебен акцент врз превенција на детското престапништво. Во Меморандумот е утврден и делокругот на соработка на овие три институции, а кој освен поддршка на активностите на Државниот совет за превенција, вклучува и поддршка за имплементација на стратешки документи и акциони планови за превенција за детско престапништво. Според Законот за правда на децата, советите формираат општински совет за превенција на детско престапништво, кој за својата работа најмалку еднаш годишно го известува Советот на општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

## ШЕСНАЕСЕТ ОПШТИНИ ПОДГОТВЕНИ ЗА ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИ КОВИД ЦЕНТРИ

Комисијата за заразни болести и министерот за здравство, со цел да го подготват здравствениот систем за справување со корона вирусот при можен, нов есенски бран на криза, предложија формирање на регионални КОВИД центри во градовите каде веќе постојат општи болници и здравствени домови, а во кои би можело да се аплицира систем на монтажни модули, односно мобилни болници. Во таа насока на 10 јули 2020 година, преку електронска платформа беше одржан состанок на претставници од ова министерството со градоначалниците на општините: Гевгелија, Куманово, Прилеп, Кавадарци, Струмица, Кичево, Дебар, Гостивар, Струга, Кочани, Охрид, Велес, Тетово, Штип, Битола и Ресен. Општините изразија подготвеност да помогнат во изнаоѓањето и на други најсоодветни локации, докол-

ку тоа не може да се реализира во кругот на општата болница (како што се слободни училишта, интернати, хотели и слично). На оваа средба градоначалниците побараа од МЗ да им се доставаат соодветни протоколи за одредени постапки што во услови на пандемија општината треба да ги презема. Тие ја истакнаа потребата општинските кризни штабови да бидат навремено информирани за состојбата на епидемиолошката карта на општината и слично.

## СРЕДБИ НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Во текот на 2020 година градоначалниците одржаа две средби со министерската за образование и наука, Мила Царовска. Првата средба што се одржа на 4 септември, беше посветена на разрешување на предизвиците при обезбедувањето на техничките услови за успешно стартување на новата учебна година, на 1 октомври 2020 година, во улови на пандемија со КОВИД -19. На средбата беа изнесени утврдените ставови на ЗЕЛС околу одвивањето на наставата, а потоа градоначалниците посочија и низа други предизвици во насока на обезбедување на непречена настава и адекватна заштита на здравјето на учениците и наставниците. Беше укажано дека локалните власти имаат недостаток на финансиски средства за реализација на мерките и протоколите за одвивање на безбедна настава; се соочуваат со краток временски период за спроведување на ребаланс на буџетот и на постапките за јавни набавки за дезинфекциони средства, превозот на децата, интернет услуги, набавка на ИТ опрема и слично. Беше нагласен недостатокот на наставен кадар, поради користење на владините мерки или поради заразеност со вирусот и дека има недостаток на технички кадар за одржување на хигиена во училиштата. Во однос на одржувањето на онлајн настава, беше посочено дека и во рамките на една општина не може да се обезбеди квалитетен и безбеден интернет, потоа дека постојната ИТ опрема во многу училишта треба да се обнови, но и да се дополни, дека на голем број деца од социјалните категории треба да им се обезбедат компјутери за да можат да ја следат настава, дека дел од наставниот кадар не се снаоѓа најдобро со користењето на ИТ технологијата за што им се потребни дополнителни обуки, но и потреба од физичко присуство на најмалку едно ИТ лице, кое ќе им помага на наставниците. Некои од градоначалниците укажаа и на мерките за користење на училишните кујни, но и на потребата за континуирано присуство на здравствени работници кои би вршеле еден вид инспекторирање или поддршка на наставниот и на техничкиот кадар во спроведувањето на протоколите за заштита на здравјето на децата.



**Втората средба беше одржана онлајн, на 11 ноември 2020 година** на која се дискутираше за состојбите со спроведувањето на наставниот процес во услови на пандемија со КОВИД -19; предизвиците со финансирањето на оваа надлежност; трансформацијата на работните места на наставниците и предизвиците со стручните служби во училиштата;потребата од вработување на дефектолози, логопеди, и друг стручен кадар. Присутните беа информирани дека се предвидува минимално зголемување од 2% на средствата во блок дотациите за образованието, наменети за општините, предвидени во предлог- буџетот за следната година. Најавено беше и започнувањето на подготовки на МОН за нови реформски процеси во образованието на што ќе претходи обезбедување на опсежна анализа за состојбите на терен и секоја општина треба да пристапи одговорно при пополнување на соодветна „матрица" што ќе ја испрати МОН. Градоначалниците беа информирани дека во училиштата треба да се утврдат наставници-ментори, а потоа ќе следи и изборот на наставници- советници.

# 5 ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ЈАВНОСТА

***ЗЕЛС редовно ги информира своите членки и јавноста за сите преземени активности, донесените одлуки, резултатите од лобирањето, спроведувањето на проекти, изработените анализи, студии, реализираните обуки и средби. ЗЕЛС истовремено црпе информации од локалните власти при утврдувањето на своите активности, поради што особено се залага за обезбедувањето на квалитетна двонасочна комуникација со општините. Во насока на обезбедување на поголема транспарентност во своето работење, ЗЕЛС користи најразновидни алатки, меѓу кои се:***






**Веб-локацијата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk)** која во 2020 година е посетена 61,323 пати, од над 12.000 лица. Информациите се поставуваат на македонски, на албански и на англиски јазик. Се објавуваат сите активности и записници на управните тела на ЗЕЛС, на мрежите при ЗЕЛС, средбите и комуникациите со централната власт и со меѓународните организации, одржаните конференции и советувања, како и сите публикации што ги подготви ЗЕЛС во 2020 година.

**ЗЕЛС секојдневно доставува информации до општините и по електронски пат.** ЗЕЛС има подготвено база на електронски адреси од сите општини на кои доставува информации кои се од важност за работењето на локалните власти. Општините, на тој начин, навремено и точно се информираат за сите преземени активности на ЗЕЛС, но и за оние на централната власт, а кои се однесуваат на локалното владеење и децентрализацијата во земјава. По електронски пат сè повеќе се разменуваат ставови и предлози што произлегуваат од комисите, професионалните мрежи, општинската администрацијата, но и во однос на предлог-закони или програми доставени од централната власт.

**Контакти со медиумите:** Соработката со медиумите се реализира континуирано. ЗЕЛС редовно доставува соопштенија до сите медиуми за сите актуелности од работењето на Заедницата, но и редовно одговара на сите поставени прашања од нивна страна. Во текот на 2020 година, поради примена на мерките за заштита од КОВИД-19, максимално беше одбегнувано организирањето на јавни манифестации, средби и свикување на прес-конференции за медиумите. Сепак соработката со медиумите не беше изоставена и најчесто се одвиваше преку електронска кореспонденција.

## ПУБЛИКАЦИИ:

**ЗЕЛС изготвува весник – „Гласило на ЗЕЛС"** и во 2020 година издаде три електронски изданија и едно печатено издание. Преку електронска пошта и директно до општините се испраќа бесплатен примерок, што го добиваат сите градоначалници, сите советници, како и членовите на Владата на РСМ, пратениците во Собранието на РСМ, медиумите, странските амбасади, како и меѓународни организации чии активности се насочени кон јакнење на децентрализацијата во нашата земја. Гласилото се подготвува




во македонско- албанска јазична верзија и во македонско- англиска и се поставува и на веб- страницата на ЗЕЛС.

**И оваа година беше издаден „Годишен извештај на ЗЕЛС за 2020 година“,** што претставува еден од начините на обезбедување на поголема транспарентност во работењето на Заедницата. Ова издание беше публикувано во електронски формат и тоа на македонски, албански јазик и на англиски јазик. Годишниот извештај претставува уште една дополнителна алатка преку која ЗЕЛС ги прикажува активностите и резултатите реализирани во текот на годината, како и приходите, расходите и Ревизорскиот извештај за 2019 година. Во него е прикажано работењето на органите и телата на ЗЕЛС, реализацијата на стратегиските цели, како и работењето на зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот. Од голема важност се и реализираните активности на поддршката што ЗЕЛС им ја дава на општините во делот на електронските услуги. Сите активности се прикажани преку бројки на остварени приходи и расходи и се потврдени со ревизорски извештај. Извештајот е усвоен од Генералното собрание на ЗЕЛС и преку електронска пошта е испратен до сите општини, како и поставен на веб-страницата: www.zels.org.mk.







**ЗЕЛС** издаде **„Прирачник за комуникација на координатор(к)ите за еднакви можности помеѓу мажите и жените во единиците на локалната самоуправа“.** Прирачникот е поделен на три поглавја: првото поглавје ги утврдува основните поими за комуникација;вториот дел се однесува на протоколите за комуникација внатре во општината и кон надворешната јавност и третото поглавје го опишува процесот на примопредавање на функцијата на координатор/ка за еднакви можности што е клучен за успешно преземање на обврските. Во Прирачникот се содржани протоколи за внатрешна комуникација во општината: Протокол за подготовка на програма/Стратегија/Буџет; Протокол за организација на собир на граѓани /буџетски форум/; Протоколи за комуникација со медиумите и Протокол за комуникација со НВО, бизнис, институции. Прирачникот е поставен на „е-платформа за родово одговорно буџетирање“ - www.rob.zels.org.mk и во печатена форма е споделен со сите општини.

**ЗЕЛС подготви Стратегиски план за 2021-2025 година** кој содржи три клучни стратегиски цели: 1. Застапување и лобирање; 2. Услуги и 3. Градење и јакнење на капацитетите на ЕЛС. Станува збор за документ со кој се креираат идните правци на дејствување на локалната власт, па во таа насока при неговото креирање беа вклучени градоначалници, советници, секретари на општини и дел од општинска администрација, кои дадоа соодветен придонес за тоа во кои правци да се движат промените во локалната власт, односно кои ќе бидат приоритетите за кои ќе се залага ЗЕЛС во следниот петгодишен период. Стратегискиот план е поставен на веб-страницата на ЗЕЛС: www.zels.org.mk.

# 6 ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС ВО 2020 ГОДИНА

ECOVIS
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

## Извештај на независниот ревизор

**До основачите и Управниот Одбор на ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗЕЛС Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС Скопје (во понатамошниот текст ЗЕЛС на РСМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 Декември 2020 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЗЕЛС на РСМ Скопје со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЗЕЛС на РСМ Скопје.

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека финансиските извештаи во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС Скопје на ден 31 Декември 2020 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 05 април 2021 година
Овластен ревизор,
Маја Ивановска

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител,
Кирил Андоновски

# СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2020 ГОДИНА

| Приходи според извори | денари |
|---|---|
| Приходи од членарина | 16,337,435.00 |
| Реализирани проекти со партнерски организации | 3,792,917.00 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 342,349.00 |
| Приходи од извршени услуги | 2,036,735.00 |
| **Вкупно** | **22,509,436.00** |



# РАСХОДИ ВО 2020 ГОДИНА

| **РАСХОДИ** | **денари** |
|---|---|
| Трошоци за материјали (канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 139,075.00 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 824,461.00 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 800,327.00 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 6,357,804.00 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 251,841.00 |
| Услуги за превоз | 25,910.00 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 3,510.00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 36,350.00 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , закуп на сала, опрема и храна) | 230,042.00 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 88,587.00 |
| Банкарски трошоци | 36,995.00 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 309,957.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 619,495.00 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 6,994.00 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 11,034,670.00 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 81,407.00 |
| Даноци што не зависатот од резултатот , негативни курсни разлики , административни такси , трошоци по пресуда , вратени средства од проект , вонредни расходи | 540,465.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **21,387,890.00** |


Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена)
Трошоци за енергија (струја, парно, вода)
Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги
Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки
Услуги за дизајнирање и печатење
Услуги за превоз
Трошоци за репрезентација (функционален трошок)
Трошоци за службени весници, огласи, објави
Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, закуп на сала, опрема и храна)
Регистрација на возила, премии за осигирување на опрема и возила
Банкарски трошоци
Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, услуги за ревизија, нотарски услуги)
Трошоци за меѓународна соработка
Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети)
Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени
Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема
Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, трошоци по пресуда, вратени средства од проект, вонредни расходи

| ПРИХОДИ | Планирано во 2020 година | Реализирано во 2020 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 6,304,759.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 16,180,240.00 | 16,337,435.00 | 100.97 |
| Реализирани проекти со партнерски организации | 1,922,141.00 | 3,792,917.00 | 197.33 |
| Приходи од извршени услуги | 1,621,860.00 | 2,036,735.00 | 125.58 |
| Приходи од камата, курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 220,000.00 | 342,349.00 | 155.61 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **26,249,000.00** | **22,509,436.00** | **85.75** |

| РАСХОДИ | Планирано во 2020 година | Реализирано во 2020 година | % |
|---|---|---|---|
| Трошоци за материјали (канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 110,000.00 | 139,075.00 | 126.43 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 900,000.00 | 824,461.00 | 91.61 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 980,000.00 | 800,327.00 | 81.67 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги , услуги за сервис и поправки | 6,214,000.00 | 6,357,804.00 | 102.31 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1,255,000.0 | 251,841.00 | 20.07 |
| Услуги за превоз | 120,000.00 | 25,910.00 | 21.59 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 20,000.00 | 3,510.00 | 17.55 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 190,000.00 | 36,350.00 | 19.13 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 850,000.00 | 230,042.00 | 27.06 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 120,000.00 | 88,587.00 | 73.82 |
| Банкарски трошоци | 40,000.00 | 36,995.00 | 92.49 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати , услуги за ревизија, нотарски услуги) | 540,000.00 | 309,957.00 | 57.40 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 750,000.00 | 619,495.00 | 82.60 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќењање , патни сметки , авио билети) | 12,000.00 | 6,994.00 | 58.28 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 12,500,000.00 | 11,034,670.00 | 88.28 |
| Набавка на ИКТ опрема , софтверски апликации , друга техничка опрема | 1,540,000.00 | 81,407.00 | 5.29 |
| Даноци што не зависатот од резултатот , негативни курсни разлики , административни такси , трошоци по пресуда , вратени средства од проект , вонредни расходи | 0.00 | 540,465.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **26,141,000.00** | **21,387,890.00** | **81.82** |

# 7 СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗЕЛС

- Извршен директор **Душица Перишиќ**
  - Заменик извршен директор и раководител на одделението за односи со јавноста, обуки и услужни дејности **Ардита Дема-Мехмети**
    - Советник за односи со јавноста **Весна Арсовска-Динковска**
    - **ЗЕЛС единица за поддршка на „е – општини“ (ЗЕПЕ)**
      - Советник за информатичка технологија **Александар Арсовски**
      - Советник за информатичка технологија **Никола Тодоровски**
      - Советник за информатичка технологија **Александар Стојановски**
    - **ЗЕЛС Тренинг центар (ЗТЦ)**
      - Советник-координатор за обуки **Ивана Серафимова**
      - Советник-координатор за обуки **Ирена Николов**
      - Советник-координатор за обуки **Благородна Шопова** (од 01, август, 2020)
  - Раководител на одделението за нормативно –правни, материјално-финансиски и административни работи **Виктор Арнаудоски**
    - **ЗЕЛС правна поддршка (ЗПП)**
      - Советник за нормативно-правни прашања **Наташа Вртеска**
      - Самостоен административно-технички референт **Темјана Митревска**
      - Техничко лице – Возач **Игор Митревски**
    - Советник за материјално-финансиско работење **Софија Стефановска**
    - Советник за материјално-финансиско работење **Андријана Бабушку** (од 25 ноември, 2020 )
    - Советник преведувач **Арта Абази**
    - Советник преведувач **Славе Чорбев**
    - Техничко лице-хигиеничар **Јуца Димитриевска**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2020 ГОДИНА**

**За издавачот:**
Заедница на единиците на локалната самоуправа
на Република Северна Македонија – ЗЕЛС
**Извршен директор:**
Душица Перишиќ
**Адреса на издавачот:**
ЗЕЛС, ул. „Копенхагенска“ бр. 5 ПФ 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел:02/3099033, Факс: 02/3061994
e-mail:contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk
**Подготвил:** Весна Арсовска-Динковска
**Фотографии:** од Фото архива на ЗЕЛС
**Илустрација:** 230 x 200 mm
**Лекторирал:** „Момент мал“ ДООЕЛ Скопје
**Дизајн и печатење:** Европа 92, Кочани
**Тираж:** 100

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352.075.7(497.7)"2020"(047)

ГОДИШЕН извештај : 2020. - Скопје : Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС, 2021. - 31 стр. : илустр. ; 23х20 см

ISBN 978-608-4856-03-0

а) Заедница на единиците на локалната самоуправа -- Македонија -- 2020 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 53753605

ЗЕЛС
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk